СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Понеделник, 30 јуни 1997 Скопје

Број 30 Год. LIII

Аконтацијата за 1997 година изнесува 6.400 денари. Овој број чини 100 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

646.

Врз основа на член 24 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 23/95, 30/95 и 43/95) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

1. Заради спречување на монополското формирање на цените на одделни производи и услуги во производството, прометот и при вршење на услугите, како највисоки цени се определуваат цените кои според постојните прописи се формирани и применети на денот на влегувањето во сила на оваа одлука, и тоа:

– производство и промет на брашно тип „500“ и леб произведен од брашно тип „500“ од 600 грама;

– производство и промет на нафта и нафтени деривати;

– производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија;

– ПТТ услуги во внатрешниот сообраќај и со јавната мобилна телефонија само за корисниците на постојната стационарна телефонска мрежа (ПСТМ);

– превоз на патници и стока во железничкиот сообраќај;

– производство и испорака на сурова вода за водоснабдување на населението и стопанството;

– производство и дистрибуција на вода;

– прочистување и одведување на отпадни води (освен колекторите);

– одржување на чистотата во градови и населби (изнесување смет);

– други комунални услуги: погребни услуги, вклучувајќи ги и трошоците за погребно место и закупот на тоа место;

– провизиите во платниот промет;

– дистрибуција на природниот гас; и

– услуги за задолжително осигурување на моторни возила.

2. Оваа одлука ќе се применува до 31 декември 1997 година.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-1461/1
23 јуни 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

647.

Врз основа на член 24 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/95, 30/95 и 43/95) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

1. Цените на одделни комунални услуги формирани и применети на денот на влегувањето во сила на оваа одлука се определуваат како највисоки цени и тоа:

– производство и испорака на сурова вода за водоснабдување на населението и стопанството;

– производство и дистрибуција на вода;

– прочистување и одведување на отпадни води (освен колекторите);

– одржување на чистотата во градови и населби (изнесување на смет); и

– други комунални услуги: погребни услуги, вклучувајќи ги и трошоците за погребно место и закупот на тоа место.

2. Остварениот побавен пораст на цените од точка 1 на оваа одлука, изразен како диспаритет на цени кај одделни претпријатија ќе се отстранува при спроведувањето на оваа одлука, согласно со определбите на макроекономската политика.

3. За спроведување на оваа одлука ќе се грижи Министерството за стопанство.

4. Оваа одлука ќе се применува до 31 декември 1997 година.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-1462/1
23 јуни 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

648.

Врз основа на член 24 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/95, 30/95 и 43/95) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ПТТ УСЛУГИ

1. Цените на ПТТ услугите и цените на корисниците на постојната стационарна телефонска мрежа (ПСТМ) за разговорите со корисниците на мобилната телефонија, формирани и применети според постојните прописи се определуваат како највисоки цени.

2. Оваа одлука ќе се применува до 31 декември 1997 година.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-1463/1
23 јуни 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

649.

Врз основа на член 24 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/95, 30/95 и 43/95) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ ЗА ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ И СТОКА ВО ВНАТРЕШНИОТ ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ

1. Цените на услугите за превоз на патници и стока во внатрешниот железнички сообраќај, формирани и применети според постојните прописи, се определуваат како највисоки цени.

2. Оваа одлука ќе се применува до 31 декември 1997 година.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1464/1
23 јуни 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

650.

Врз основа на член 24 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија", бр. 23/95, 30/95 и 43/95) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА УСЛУГИТЕ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА

1. Цените на услугите за задолжително осигурување на моторни возила, формирани и применети на денот на влегувањето во сила на оваа одлука, се определуваат како највисоки цени.

2. Оваа одлука ќе се применува до 31 декември 1997 година.

3. Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23–1465/1
23 јуни 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с. р.

651.

Врз основа на член 91 од Законот за органите на управата („Службен весник на РМ", бр. 40/90 и 63/94) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија", бр. 38/90 и 63/94), Владата на Република Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА ОБРАЗУВАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА СМЕТКОВОДСТВЕНИ СТАНДАРДИ

Член 1

Со оваа одлука се образува Комисија за Сметководствени стандарди – КСС (во натамошниот текст: Комисија), која ќе работи на следење, усогласување и објаснување на примената на Меѓународните сметководствени стандарди.

Член 2

Комисијата се состои од претседател, двајца потпретседатели, секретар и членови – претставници од: Сојузот на сметководители, финансисти и ревизори на Република Македонија; Економскиот факултет – Скопје; Економскиот факултет – Прилеп; Заводот за платен промет – Централа во Скопје; Министерството за стопанство; Комисијата за хартии од вредност; Економскиот институт; Народната банка на Република Македонија; Здружението за банкарство и осигурување при Стопанската комора на Македонија; ЈП „Електростопанство на Македонија" – Скопје; А. Д. „Охис" – Скопје; и А. Д. „Тетекс" – Тетово.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23–1436/1
23 јуни 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

652.

Врз основа на член 17б од Законот за промет со земјишта („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/75, 41/75, 10/79, 51/88, 38/91 и 4/93) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

ОДЛУКА
ЗА ЗАМЕНА НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ

Член 1

Се врши замена на правото на сопственост на земјоделско земјиште кое се наоѓа во КО Горно Оризари – Битола и тоа пасиште на КП бр. 87/1 во површина од 3.44.03 ха, 2 класа во м.в. „Слатина", пасиште на КП бр. 87/2 во површина од 11.01.80 ха, 2 класа во м.в. „Слатина", пат на КП бр. 87/3 во површина од 0.75.00 ха во м.в. „Слатина", пасиште на КП бр. 87/4 во површина од 2.02.22 ха 2 класа во м.в. „Слатина", пасиште на КП бр. 87/5 во површина од 34.96.79 ха, 2 класа во м.в. „Слатина", нива на КП бр. 78 во површина од 0.25.26 ха, 4 класа во м.в. „Слатина", нива на КП бр. 85 во површина од 0.85.81 ха 4 класа во м.в. „Слатина", пасиште на КП бр. 721 во површина од 0.18.34 ха 4 класа во м.в. „Лозје" и нива на КП бр. 732 во површина од 0.11.80 ха 4 класа во м.в. „Лозје" заведени во поседовните листови број 652 и 203 во вкупна површина од 53.61.05 ха на кое носител на право на сопственост е Република Македонија со земјоделско земјиште на кое носители на право на сопственост се:

1. Јовановски Трајан – во вкупна површина од 1.96.98 ха кое се наоѓа на КП бр. 187/1, 288, 316, 317, 321, 501 и 553 сите во КО Биљаник.
2. Кузмановски Илија – во вкупна површина од 3.51.42 ха кое се наоѓа на КП бр. 232, 233, 239/1, 239/2, 239/3, 322, 323, 598 и 657 од сите по 3/4 – сите во КО Биљаник.
3. Аневски Вељан – во вкупна површина од 7.94.30 ха кое се наоѓа на КП бр. 183, 184, 185, 190, 354, 357, 366, 373, 376, 465, 575, 609, 631/1, 633, 671, 672, 673, 688 и 1/2 од КП бр. 359/1 сите во КО Биљаник.
4. Димовски Ристо – во вкупна површина од 1.59.80 ха кое се наоѓа на КП бр. 227/1, 260, 261, 642/2, 1/3 од КП бр. 244 и 25/44 од КП бр. 341 сите во КО Биљаник.
5. Талевски Трајан – во вкупна површина од 5.30.93 ха кое се наоѓа на КП бр. 179, 180, 329, 348, 362, 367, 426, 443, 607 и 679 сите од КО Биљаник и КП бр. 138, 139, 281 и 292 во КО Рибарци.
6. Гроздановски Киро – во вкупна површина од 8.83.73 ха кое се наоѓа на КП бр. 221, 224/1, 224/3, 258, 259, 266, 267, 271, 328, 339, 347, 353, 435, 447, 577,578, 582, 583, 585,593, 601, 602, 608, 663, 664 и 684 сите во КО Биљаник.
7. Стевановски Павле – во вкупна површина од 3.23.23 ха кое се наоѓа на КП бр. 129, 144, 217/2, 218/1, 283, 460/2, 590, 616, 644, 1/2 од КП бр. 604 и 1/2 од КП бр. 605 сите во КО Биљаник и 1/2 од КП бр. 906/2 во КО Новаци.
8. Стојановски Цане – во вкупна површина од 1.31.56 ха кое се наоѓа на КП бр. 613, 697, 699 и 700 сите во КО Биљаник.
9. Петровски Веле – во вкупна површина од 3.67.23 ха кое се наоѓа на КП бр. 166, 214, 215, 503, 165/1 и 502 – од сите по 5/6 сите во КО Биљаник.
10. Стојановски Ѓорѓи – во вкупна површина од 2.60.27 ха кое се наоѓа на КП бр. 194, 195, 225, 318, 335, 492, 636/1 и 652 сите во КО Биљаник.
11. Талевски Никола – во вкупна површина од 1.07.61 ха кое се наоѓа на КП бр. 223/1, 224/2, 326/3, 340, 573, 661, 662, 676 и 1/2 од КП бр. 594 сите во КО Биљаник.

12. Милошевски Аце – во вкупна површина од 0.46.56 ха кое се наоѓа на КП бр. 134 и 212 и двете во КО Биљаник.

13. Лазаревски Лозан – во вкупна површина од 2.86.44 ха кое се наоѓа на КП бр. 110, 272/1, 314, 369, 428, 451, 490, 564, 597, 631/5, 639, 610, 210/1, 210/2, 617, 167/2 и 167/4 сите во КО Биљаник и КП бр. 159 во КО Рибарци и КП бр. 808 и 809 во КО Логоварди.

14. Василевски Димитрија – во вкупна површина од 1.98.22 ха кое се наоѓа на КП бр. 110, 348, 599, 1/2 од КП бр. 125, 1/2 од КП бр. 132, 1/2 од КП бр. 254, 1/2 од КП бр. 254 и 1/2 од КП бр. 373 сите во КО Врањевци, КП бр. 349 во КО Паралово, 1/2 од КП бр. 164, 1/2 од КП бр. 165 и 1/2 од КП бр. 267 сите во КО Рибарци.

Член 2

Договорот за замена на правото на сопственост на недвижностите од член 1 од оваа одлука е во функција на активностите за иселување на жителите од с. Биљаник и ќе се реализира во содејство со Преглед – анализа за вредностите на изградба на станбените и помошните објекти и целиот имот на секое домаќинство изработено од ЈП „Електростопанство на Македонија" – Скопје, Погон РЕК „Битола".

Член 3

Договорот за замена на правото на сопственост на недвижностите од член 1 од оваа одлука ќе го склучи министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1473/1
23 јуни 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

653.

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" број 4/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Сл. весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата на Република Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА ОБЈЕКТОТ „ФАРМА ЗА ТОВ НА ЈУНЦИ", ВО ЧЕРКЕСКО СЕЛО – ОПШТИНА КУМАНОВО

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на објектот „Фарма за тов на јунци", што треба да се гради на дел од КП број 315, КО „Черкеско Село", во м.в. „Стари лозја", 5 катастарска класа, со вкупна површина од 5386 $м^2$ на парцелата, а се пренаменува 2300м2 за објектот со дворното место, на подрачјето на општината Куманово, чиј инвеститор ќе биде Шабани Ибраим од Куманово, и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог – ситуација во М 1:500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1459/1
23 јуни 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

654.

Врз основа на член 5, став 4 од Законот за продажба на становите во општествена сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 30/96 и 62/90) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/90), Владата донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦЕНАТА НА СТАНОВИТЕ ВО ОПШТЕСТВЕНА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Во Одлуката за намалување на цената на становите во општествена сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/92, 5/93, 11/93, 18/93, 59/93, 67/93, 72/93, 6/94, 18/94, 36/94, 66/94, 18/95, 32/95, 46/95, 63/95, 34/96 и 23/97) во членот 4 зборовите „30 јуни 1997 година" се заменуваат со зборовите „31 декември 1997 година".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1431/1
23 јуни 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

655.

Врз основа на член 10 од Законот за тутунот („Сл. весник на Република Македонија" бр. 69/96), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДНИТЕ РЕГИОНИ И РЕОНИ И ЗА ТИПОВИТЕ НА СУРОВ ТУТУН ВО ЛИСТ КОИ СЕ ОДГЛЕДУВААТ НА ОВИЕ РЕГИОНИ ОДНОСНО РЕОНИ

1. Во Решението за определување на производните региони и реони и за типовите на суров тутун во лист кои се одгледуваат на овие региони односно реони („Сл. весник на РМ" бр. 24/97) во дел V став 2 зборовите „Берово, Делчево" се бришат, а во став 4 по зборот „Подареш" точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „Берово, Будинарци, Владимирово, Двориште, Мачево, Митрашинци, Русиново, Смојмирово и Ратево".

2. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 08-3430
20 јуни 1997 година
Скопје

Министер,
м-р Киро Докузовски, с.р.

656.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92) на седницата одржана на 18 јуни 1997 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ член 2, член 4, член 6, член 7 во делот на „општествената сопственост" и „правото на користење", член 9 во делот на „правото на користење", член 12 во делот на „општествените" и „право на користење", член 13 во делот на „општествените",

член 14 во делот на „општествените" и „општествената сопственост", член 15 во делот на „општествените" и „самостоен личен труд со средства во сопственост на граѓаните", член 16 став 1, членовите 17 до 20 во деловите „општественото правно лице", членовите 22, 24, 25 и 26, член 27 став 1 во делот на „општествено правно лице" и „ако таков нема на Републиката", член 28 став 1 во делот на „или општествено правно лице", член 29 став 1 во делот на „па потоа Републиката", член 29а во делот на називот на органот кој одлучува во име на Републиката, член 30 став 1 во делот на „југословенско државјанство", член 35 во делот „врз граѓани" и член 36 во делот „на граѓани, здруженија на граѓани или на други граѓански правни лица" од Законот за промет со земјишта и згради („Службен весник на СРМ" бр. 36/75, 10/79, 51/88 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 38/91 и 4/93).

2. СЕ ЗАПИРА ПОСТАПКАТА за оценување уставноста на целината на Законот, односно на одредбите на членовите 1, 3, 5, 8, 10, 11, 21, 33 и 37, како и деловите на одредбите од Законот, што не се укинуваат според точката 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

4. Уставниот суд на Република Македонија, по поднесена иницијатива од Виктор Алексов адвокат од Скопје, со Решение У.бр. 251/96 од 26 февруари 1997 година, поведе постапка за оценување уставноста на Законот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за неговата согласност со Уставот.

5. Судот на седницата утврди дека со Законот за промет со земјишта и згради, донесен во 1975 година, се определуваат условите и постапката под кои се врши прометот на земјишта, згради и посебни делови од згради (недвижности).

Покрај општите одредби (член 1-11 од Законот), со одредбите на глава II (член 12-22 од Законот) се уредува прометот со земјишта, згради и посебни делови од згради, со глава III (член 23-30 од Законот) се уредува првенственото право за купување на недвижности, со глава IV (член 31 и 32 од Законот) се уредуваше преминувањето во општествена сопственост на недвижност на која постои право на сопственост која е укината со измените до 1991 година, а со останатите три глави од Законот (член 33-40) се уредуваат прашањата за постапката за заверка на договорите, казнените и преодните и завршни одредби.

Според член 2 од Законот, земјоделските земјишта во општествена сопственост можат да се отуѓуваат под услови определени со овој или друг закон, градежните земјишта во општествена сопственост не можат да се отуѓуваат, но врз нив можат да се стекнуваат права определени со закон, а зградите и посебните делови од згради во општествена сопственост можат да бидат во промет под условите определени со закон.

Недвижностите што се во општа употреба, според член 3 од Законот, не се во промет.

Како носители на правото на користење на недвижностите во општествена сопственост, со член 4 од Законот, се: организациите на здруженото труд, самоуправните интересни заедници, општествено-политичките заедници и други општествени правни лица (општествени правни лица). Тие правни лица можат со правно дело со надоместок или без надоместок да стекнуваат, да отуѓуваат и да пренесуваат недвижности под условите определени со овој закон.

Прометот со недвижности на кои граѓаните имаат право на сопственост, според член 5 од Законот, е слободен ако со овој или со друг закон не е поинаку определено, а како носители на правото на сопственост на недвижност во смисла на овој закон, според членот 6 од Законот, се определуваат: граѓаните, здруженијата на граѓаните и другите граѓански правни лица.

Според член 7, став 1 од Законот со отуѓувањето на зграда на која постои право на сопственост се пренесува и правото на сопственост односно правото на користење и на земјиштето на кое тоа се наоѓа, како и на земјиштето што служи за редовна употреба на зградата, ако со договор не е поинаку определено. Според ставот 2 од овој член, со пренесувањето на правото на сопственост врз зграда подигната на доделено општествено градежно земјиште на користење преминува и правото на користење на земјиштето додека зградата постои, според ставот 3, со отуѓувањето на зградата што е во општествена сопственост, оној што се стекнува со зградата се здобива со правото на користење на тоа земјиште додека зградата постои, а според ставот 4 од овој член на Законот, со пренесувањето на правото на користење или со отуѓувањето на земјоделско земјиште во општествена сопственост, стекнувачот на земјиштето не се стекнува и со право на користење односно со право на сопственост на земјоделска зграда што се наоѓа на тоа земјиште, ако со договорот не е поинаку определено.

Во член 8 од Законот е предвидена можноста од промет на посебни делови од згради, идеални делови од згради, станови и деловни простории, со членовите 9 и 10 се определува формата и дејството на договорот врз основа на кој се стекнува или отуѓува недвижноста, а со член 11 од Законот се уредува дека одредбите на овој закон за стекнување и отуѓување на недвижности се применуваат и на случаите на замена на земјишта, згради и посебни делови од згради.

Во делот на промет со земјишта, згради и посебни делови од згради, се уредува: замената на земјоделското земјиште и стекнувањето и отуѓувањето на згради и одделни делови од згради помеѓу општествените правни лица (член 12 и 13 од Законот); и продажбата на семејните станбени згради и станови и на деловните згради и деловни простории од општествено правните лица на граѓаните и граѓанско-правните лица (член 14 и 15 од Законот); продажбата на недвижности од страна на општествени правни лица на граѓани, здружение на граѓани и други граѓански правни лица преку јавно наддавање или со понуди (член 16 од Законот); поништување на договорот со кој општественото правно лице продало односно купило недвижност од граѓани или други граѓанско правни лица (член 17 од Законот); склучување и евиденција на договорите за промет со недвижности (член 17б од Законот); инструментите за заштита на интересите на општествените правни лица во прометот со недвижности (член 18-21 од Законот), и откажување од правото на сопственост на недвижност од граѓани, здруженија на граѓани и други граѓански правни лица во корист на Републиката (член 22 од Законот).

Со одредбите за првенствено право за купување на недвижности се уредуваат: правата на сопственикот на земјоделското земјиште доколку општината не ја прифати понудата за првенство на купување (член 24 од Законот); обврските на носителот на правото на сопственост кој има намера да продаде земјоделско земјиште да го понуди на организација на здружен труд која се занимава со земјоделско производство на подрачјето на катастарската општина каде што се наоѓа земјиштето, а ако таква нема на ОЗТ која се граничи со катастарска општина на која се наоѓа земјиштето и правото на предимство на купување на земјиштето од страна на таквата организација, вклучувајќи го и правото на заштита на правото на предимство (член 25 и 26 од Законот); првенственото право на купување на семејна станбена зграда или на стан (член 27 и 28 од Законот); првенственото право за купување на деловни згради и деловни простории од страна на сопственикот

на идеален дел, од закуподавачот односно од Републиката (член 29 од Законот); одлучувањето во однос на понудата за првенственото право за купување на недвижноста од член 27 и 29 од Законот во име на Републиката од страна на Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија (член 29а од Законот), како и обврските на граѓанин кој поднел барање за отпуст од југословенско државјанство, а сака да продаде недвижност (член 30 од Законот).

Во одредбите за постапката за заверка на договорите (членовите 33, 35 и 36 од Законот) е предвидена обврска примерок од договорот врз основа на кој се пренесува правото на сопственост на недвижности врз граѓани, судот да и доставува на Републичката управа за имотно-правни работи, како и овластувањата на јавниот правобранител.

6. Според член 8 став 1 алинеја 3 и 6 од Уставот, темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се и: владеењето на правото и правната заштита на сопственоста. Според став 2 од овој член на Уставот, во Република Македонија слободно е се што со Уставот и закон не е забрането.

Со член 30 став 1 од Уставот се гарантира правото на сопственост и правото на наследување, според ставот 2 од овој член, сопственоста создава права и обврски и треба да служи за доброто на поединецот и на заедницата, според ставот 3 од овој член, никому не може да му биде одземена или ограничена сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон, а согласно став 4 од овој член на Уставот, во случај на ограничување на сопственоста, се гарантира правичен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност.

Според член 51 став 1 од Уставот, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и законите, а според став 2 од овој член, секој е должен да го почитува Уставот и законите.

Со член 55 став 2 од Уставот се уредува дека Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот.

Во согласност со член 54 став 1 од Уставот слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот.

Според член 56 став 1 од Уставот добрата од општ интерес за Републиката уживаат посебна заштита, а според став 3 од овој член на Уставот, со закон се уредуваат начинот и условите под кои определени добра од општ интерес за Републиката можат да се отстапат на користење.

Тргнувајќи од наведените уставни одредби, како и од целината на уставниот концепт по однос на сопственоста, а имајќи ги предвид и другите крупни промени што настануваат во сопственичко-правната сфера, при што општествената сопственост на која во голем дел се темели оспорениот закон нема основ во Уставот и дека со одделни одредби на тој закон, определувајќи ги условите и постапката под кои се врши прометот со недвижности, според мислењето на Судот, се вршат повеќе ограничувања на сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, се утврдува повластена позиција на општествено-правните лица во однос на другите правни субјекти и дека содржи други суштински и терминолошки неусогласености со Уставот, поради што оцени дека дел од одредбите на оспорениот закон не се во согласност со Уставот. Притоа, Судот, исто така смета дека во Законот се содржани и одредби (првенствено право на сосопствениците, соседите и закупците, формата на договорот за купопродажба и неговата заверка и улогата на јавното правобранителство) со чие евентуално укинување би настанале правни празнини и дека дел од нив не се во несогласност со Уставот.

7. а) Тргнувајќи од содржината на **член 2** од оспорениот закон со кој се уредува правниот режим на прометот на земјоделското и градежното земјиште и на зградите и посебните делови од згради што се во општествена сопственост, а имајќи предвид дека Уставот го напушта овој вид на сопственост, на кој впрочем се темелеше поранешниот поредок, Судот смета дека овој член не е во согласност со концептот за сопственоста и нејзината правна заштита утврдена со Уставот.

б) Тргнувајќи од тоа дека во **член 4, член 6, член 7 во делот** на одредувањето на правниот режим на „општествената сопственост" и во зависност од тоа на „носител на право на сопственост", односно „правото на користење" и **член 9** во делот на „правото на користење", на сопственоста се приоѓа како на несопственичка категорија (субјектот на сопственоста се определува во зависност од тоа дали е правно или физичко лице, дали е општествено-правно или граѓанско-правно лице; содржината на сопственоста се изразува низ две различни вредносни категории – како право на користење и како право на сопственост; носителот на правото на сопственост се става во различна положба, при што, како носител на тоа право се определуваат само граѓаните, здруженијата на граѓаните и граѓанско-правните лица, а не и другите правни субјекти-државата, јавните претпријатија, трговските друштва и слично), според мислењето на Судот, со тој специфичен начин на третирање на сопственоста како резултат на атрибутите на доминантната општествена сопственост, се ограничува сопственоста што не е во согласност со концептот за сопственоста утврден со Уставот.

в) Во **член 12** во делот на „општествените" и „право на користење", **член 13** во делот на „општествените" **член 14** во делот на „општествените" и „општествената сопственост" и во **член 15** во делот на „општествените" и „самостоен личен труд со средства во сопственост на граѓаните", се предвидува право само за општествените правни лица да можат земјоделското земјиште да го заменат со друго земјоделско земјиште или да го продадат само на граѓани, а не и на други правни субјекти, понатаму, се врши двојство, односно различно се третираат субјектите на сопственоста во зависност од тоа дали се работи за општествено или приватно лице, а во зависност од тоа се утврдува и различен приод кон правата што произлегуваат од сопственоста, ограничувајќи ги правата и прометот само на одделна категорија субјекти. На тој начин, според мислењето на Судот, се ограничува сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, што не е во согласност со концептот за сопственоста утврден со Уставот.

г) Според **член 16 став 1** од оспорениот закон, продажбата на недвижности од страна на општествени правни лица на граѓани, здружение на граѓани и други граѓански правни лица се врши по пат на јавно наддавање или со поднесување на писмени понуди за купување, а по пат на непосредна спогодба само тогаш кога со продажбата по пат на јавно наддавање, односно по пат на поднесување на писмени понуди не е постигната пазаришната цена на недвижноста што е предмет на продажбата. Со продажбата на недвижностите на начин утврден во овој член, Судот оцени дека се врши ограничување на сопственоста и на правата што произлегуваат од неа, имајќи предвид дека утврдува двоен, односно нееднаков режим на продажба на недвижности во зависност од тоа дали се работи за „општествени правни лица" или за граѓани и граѓанско правни лица, а со утврдените начини за постигнување на пазаришната цена на недвижноста (јавно наддавање, писмени понуди, непосредна спогодба) се преферираат интересите на субјектите на општествената сопственост, како и на самата општествена сопственост, што не е во согласност со концептот за еднаквата правна заштита на сопственоста утврден со членовите 8 и 30 од Уставот.

д) Тргнувајќи од тоа дека во **членовите 17 до 20** од оспорениот закон во деловите „општественото правно лице" се утврдува двоен режим на прометот со недвиж-

ности, при што се утврдени инструменти за заштита на интересите само на општествените правни лица во прометот со недвижности, а со член 17-б од Законот, таквата заштита се однесува само на прометот на недвижност која е во сопственост на Република Македонија, според мислењето на Судот, оспорените одредби во наведените делови не се во согласност со одредбите на Уставот.

ѓ) Во **член 22** од оспорениот закон е предвидена можност со еднострана изјава на граѓани, здруженија на граѓани и други граѓански правни лица да се откажат од правото на сопственост на недвижност во корист на Републиката, која изјава се дава пред Републичката управа за имотно-правни работи усно на записник или со исправа заверена од надлежниот орган. Тргнувајќи од содржината на наведената одредба, а имајќи ги предвид сопственичките права на Републиката како субјект на сопственоста, како и тоа дека едностраното откажување од недвижноста не е условено со обврските што евентуално ја теретат недвижноста, според мислењето на Судот, содржи елементи на нееднаков третман на правната положба на субјектите на пазарот и евентуално неисполнување на обврските од сопственоста, што не е во согласност со член 30 став 2 и член 55 став 2 од Уставот.

е) Тргнувајќи од тоа дека во **член 24** од оспорениот закон се утврдуваат правата на сопственикот на земјоделското земјиште доколку општината не ја прифати понудата за првенство на купување, а имајќи предвид дека основот за уредување на тоа прашање престанал со бришењето на член 23 од Законот (член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за промет со земјишта и згради („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/91), како и од местото и улогата на општината како единица на локалната самоуправа утврдена со Уставот и Законот за локалната самоуправа, според мислењето на Судот, наведената одредба не е во согласност со Уставот.

ж) Поаѓајќи од тоа дека со **членовите 25 и 26** од оспорениот закон се утврдува првенствено право за купување на земјоделско земјиште од страна на организација на здруженот труд која се занимава со земјоделско производство, со што се создава нееднаква правна положба на субјектите на пазарот, профилирајќи го само интересот на „организациите на здруженот труд" односно општественот капитал во тие организации во однос на другите правни субјекти на сопственоста и се вршат повеќе ограничувања на сопственоста, поради што Судот оцени дека тие одредби не се во согласност со концептот на сопственоста утврден со Уставот и еднаквата правна положба на сите субјекти на пазарот.

з) Тргнувајќи од тоа дека во **член 27 став 1** во делот на „општествено правно лице" и „ако таков нема на Републиката" и во **член 28 став 1** во делот „или општествено правно лице", се преферираат интересите на носителите на општествената сопственост, со што се создава нееднаква правна положба на субјектите на пазарот и се ограничуваат правата на другите субјекти на сопственоста, поради што Судот оцени дека тие одредби во наведениот дел не се во согласност со одредбите на Уставот.

ѕ) Имајќи предвид дека со **член 29 став 1** во делот на „па потоа Републиката" се утврдува првенствено право на Републиката на деловни згради и деловни простории и дека на тој начин Републиката како носител на сопственост на недвижност се доведува во привилегирана положба во однос на другите субјекти на сопственоста, според мислењето на Судот, одредбата во наведениот дел не е во согласност со одредбите на членовите 30 и 55 од Уставот.

и) Одредбата на **член 29а** од оспорениот закон во делот на називот на органот кој одлучува во име на Републиката, Судот утврди дека терминолошки не е усогласен.

ј) **Член 30 став 1** во делот на „југословенско државјанство" Судот оцени дека не е во согласност со Уставот.

к) **Член 35** во делот „врз граѓани" и **член 36** во делот „на граѓани, здруженија на граѓани или на други граѓански правни лица", Судот смета дека не е во согласност со концептот на сопственоста утврден со Уставот.

8. Тргнувајќи од содржината на член 1 од Законот со кој се определува предметот на уредување на овој закон; дека според член 3 недвижностите што се во општа употреба не се во промет; дека прометот со недвижности на кои граѓаните имаат право на сопственост, според член 5 е слободен, ако со овој или друг закон не е поинаку определено; дека според член 8 во промет можат да бидат и посебни делови од згради; со член 10 се определува правното дејство на договорот, а со член 11 се упатува на примена на овој закон во случај на замена на земјиште, згради и посебни делови од згради, понатаму, дека според член 21 пред склучување на договор за купопродажба се бара мислење од јавниот правобранител, според член 33 се предвидува обврска за судовите да внимаваат на ништовноста на договорите, а според член 37 се утврдени казнените одредби, и дека како со наведените одредби, така и со деловите на одредбите што не се укинуваат, Судот смета дека со нив се уредуваат прашања со кои не се ограничува сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, поради што утврди дека тие се во согласност со Уставот.

9. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од оваа одлука.

10. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Милан Недков и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Јован Проевски, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Цунов.

У.бр.251/96
18 јуни 1997 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
д-р **Милан Недков**, с.р.

657.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 18 јуни 1997 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ:

а) член 70 точка 29 од Законот за Народната банка на Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/92, 4/93, 29/93 и 17/96) и

б) член 15-а и член 17 став 2 од Законот за банки и штедилници („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/93, 78/93 и 17/96).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, по повод поднесена иницијатива од Ѓорѓи Мишев, адвокат од Кавадарци, со решение У.бр. 184/96 поведе постапка за оценување уставноста на законите наведени под а) и б) во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната согласност со Уставот на Република Македонија.

4. Судот на седницата утврди дека во членот 70 став 1 точка 29 од Законот за Народната банка на Република Македонија е предвидено дека Советот на Народната банка одлучува по жалба против решението на гуверне-рот.

Исто така, Судот утврди дека согласно член 17 став 2 од Законот за банки и штедилници против решението на гувернерот на Народната банка, со кое ја одзема дозволата за работа на банката, може да се поднесе жалба до Советот на банката во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението.

Понатаму, Судот утврди дека согласно член 15-а од Законот за банки и штедилници, против решението на гувернерот на банката со кое го одбива или отфрла барањето за издавање на дозвола за основање на банка и штедилница, може да се поднесе жалба до Советот на Народната банка во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението и дека согласно член 17 став 2 од овој закон, против решението на гувернерот со кое ја одзема дозволата за работа на банката, може да се поднесе жалба до Советот на Народната банка во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението.

Согласно член 15 од Уставот на Република Македонија се гарантира правото на жалба против поединечните правни акти донесени во постапка во прв степен пред суд, управен орган или организација или други институции што вршат јавни овластувања.

Од оваа одредба произлегува дека Уставот го гарантира правото на жалба против наведените акти, со што го обезбедува начелото на двостепеност во одлучувањето.

Имајќи предвид дека Народната банка на Македонија претставува самостоен орган, формиран од Собранието на Република Македонија, односно дека не влегува во рамките на извршната власт, Судот оцени дека одлучувањето на Советот на Банката во второстепена постапка против решението на гувернерот, донесено во првостепена постапка, кога се има предвид дека гувернерот е член и едновремено претседател на Советот, не е во духот на уставната интенција за гаранција на начелото на двостепеност во одлучувањето, поради што одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

5. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Милан Недков и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Јован Проевски, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Цунов.

У.бр. 184/96
18 мај 1997 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
д-р **Милан Недков**, с.р.

658.

Врз основа на член 80 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл. весник на РМ" бр. 27/86 и 17/91), Републичката геодетска управа донесува

РЕШЕНИЕ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Варош – Општина Прилеп.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 на ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето, установен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Број 10-1781/1
24 јуни 1997 година
Скопје

Директор,
дипл. геод. инж. **Цонов Димитар**, с.р.

659.

Врз основа на член 80 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл. весник на РМ" бр. 27/86 и 17/91), Републичката геодетска управа донесува

РЕШЕНИЕ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Горенци – Општина Дебар.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 на ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето, установен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Број 10-1780/1
24 јуни 1997 година
Скопје

Директор,
дипл. геод. инж. **Цонов Димитар**, с.р.

Огласен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

Пред овој суд во тек е постапка за развод на брак по тужба на тужителот Митевски Јане од Скопје, против тужената Митевска Цветанка, која моментално е во Австралија со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужената Митевска Цветанка да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на огласот и во истиот рок да ја достави својата точна адреса на живеење или да постави полномошник кој ќе ги застапува нејзините интереси во текот на постапката.

Доколку тужената не се јави во рок од 30 дена и не ја достави својата точна адреса на живеење или не постави свој полномошник, ќе и биде поставен привремен застапник кој ќе ги застапува нејзините интереси пред судот.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, XVII П.бр. 3309/95. (9079)

ОСНОВЕН СУД ВО ГЕВГЕЛИЈА

На тужената Јашар Рецепова од Гевгелија, на привремена работа во Германија, со непозната адреса, во спорот за развод на брак, и се поставува привремен застапник во постапката.

За привремен застапник се поставува Центарот за социјални работи во Гевгелија, односно овластено лице од овој орган.

Привремениот застапник ќе ја застапува тужената во постапката се додека тужената или нејзиниот полномошник не се појави пред судот.

За поставување на привремениот застапник да биде известен органот на старателството.

Од Основниот суд во Гевгелија, П.бр.483/97.

ОСНОВЕН СУД ВО ОХРИД

Се известува Исиме Камбероска од село Радешта Острење, Булкизе - Република Албанија дека против неа се води постапка за развод на брак по тужбата на

тужителот Ракип Камбероски од Охрид, ул."Јане Сандански" бр. 189. Истата се повикува да се јави во постапката лично или преку свој овластен полномошник, а до тогаш во постапката ќе биде застапувана од страна на старателот Камбероски Раим од село Лабуништа - Република Македонија, определен со решение Уп.бр.08-6/83 од Центарот за социјални работи - Охрид.

Од Основниот суд во Охрид, П.бр.221/96. (9131)

ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд води спор Претпријатието за стопанисување со шуми "Лешница" од Тетово, против тужениот Сефери Даут Демир од с. Шипковица, а сега со непозната адреса во Албанија, па се повикува тужениот да во рок од 15 дена од објавувањето на огласот достави точна адреса или постави свој застапник, а по протекот на овој рок судот ќе му постави привремен старател кој ќе го води процесот во негово име.

Од Основниот суд во Тетово,П.бр.770/97. (9132)

ОСНОВЕН СУД ВО ШТИП

Пред Основниот суд во Штип поднесен е предлог за огласување на лицето Зејнелов Мустафа Јусин од Штип, роден 14.III.1915 година за умрен.

Се повикува лицето Зејнелов Мустафа Јусин и секој друг што знае за него да се јави на огласот во рок од 3 /три/ месеци од објавувањето.

До колку во одреденот рок лицето или некој друг што знае за него не се јави во судот споменатото лице ќе биде прогласено за умрено.

Од Основниот суд во Штип, Р.бр.524/97. (9086)

ЗАПИШУВАЊЕ ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 1981/97 на регистарска влошка бр. 1-69249-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на приватна организација и впишување право на вршење на надворешно-трговско работење на Здравствената организација аптеки „ПАСТЕР" С. Ризванче и др. д.о.о. бул. „Браќа Ѓиноски" бр. 125, Гостивар.

Скратен назив: Аптеки „ПАСТЕР" С. Ризванче и др. д.о.о., Гостивар.

Основачи: Самир Ризванче, Шенол Ризванче и Орхан Ризванче.

Дејности: 130160.

Во правниот промет со трети лица, друштвото настапува во свое име и за своја сметка.

За преземените обврски одговара со сиот свој имот.

Самир Ризванче, управител со неограничено овластување.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 1981/97. (5608)

СТЕЧАЈНИ ПОСТАПКИ

Основниот суд во Гевгелија објавува дека со решението Ст. бр. 62/96 од 15.III.1996 година е отворена стечајна постапка над должникот ПП "Европа-Комерц" од с. Удово, Валандово.

За стечаен судија е одреден Драги Дилберов, судија при овој суд.

За стечаен управник е одредена Василева Данка од Струмица, ул."Панче Пешев" бр.53/1, телефон 21-649.

Се повикуваат доверителите на стечајниот должник да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" до стечајниот совет со пријава во два примероци со докази. Се задолжуваат должниците да ги намират долговите према стечајниот должник, без одлагање.

Рочиште за испитување на пријавените побарувања се закажува на ден 18.VII.1997 година во 9,30 часот, соба број 28 во овој суд.

Од Основниот суд во Гевгелија. (9085)

Основниот суд во Тетово објавува дека со решението Ст.бр. 322/96 од 03 IV.1997 година заклучена е стечајната постапка над ТП "Ринелса" од Тетово, ул. "Јане Сандански" бр.54/8 и жиро сметка бр. 41500-601-2687 при ЗПП на РМ - Филијала - Тетово.

По правосилоноста на решението стечајниот должник да се брише од регистарот на претпријатија при Основниот суд Скопје I - Скопје.

Од Основниот суд во Тетово. (9133)

Основниот суд во Штип со решението Ст.бр.11/96 од 20.VI.1997 година свикува рочиште на ден 09. VII. 1997 година во 10 часот на кое рочиште доверителите ќе се изјаснат за програмата за финансиска консолидација и сопственичка трансформација на АД "Картонтекс" - Свети Николе.

Рочиштето ќе се одржи во сала бр. 13 на Основниот суд во Штип.

Доверителите можат да гласаат по писмен пат со поднесок кој го потпишува овластениот застапник на доверителот.

Од Основниот суд во Штип. (9040)

Основниот суд Скопје I - Скопје објавува дека со решението Ст. бр. 117/96 од 16.XII.1996 година е отворена стечајна постапка над должникот ПТ "Мистрејд" ДОО увоз извоз од Скопје, ул."13" бр. 131.

За стечаен судија е одредена Снежана Георгиевска - Зекирија, судија при овој суд.

За стечаен управник е одреден Младен Божиновски од Скопје, ул."Ордан Чопела" бр.116, телефон 260-694.

Се повикуваат доверителите на стечајниот должник да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" до стечајниот совет со пријава во два примероци со докази. Се задолжуваат должниците да ги намират долговите према стечајниот должник, без одлагање.

Рочиште за испитување на пријавените побарувања се закажува на ден 29.VII.1997 година во 10,00 часот, соба број 59 во овој суд - судска палата.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (9113)

Основниот суд Скопје II - Скопје објавува дека со решението Ст. бр. 36/96 од 23.XI.1994 година е отворена стечајна постапка над должникот Трговско претпријатие "Траст" од Скопје, ул. "Новопроектирана" бб.

За стечаен судија е одредена Маја Малахова, судија при овој суд.

За стечаен управник е одреден Владо Спирковски од Скопје, ул."Бојмија" бр.8/54.

Се повикуваат доверителите на стечајниот должник да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" до стечајниот совет со пријава во два примероци со докази. Се задолжуваат должниците да ги намират долговите према стечајниот должник, без одлагање.

Рочиште за испитување на пријавените побарувања се закажува на ден 04.IX.1997 година во 11,30 часот, во барака 4 соба број 6 во овој суд.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје. (9119)

Основниот суд Скопје II - Скопје објавува дека со решението Ст. бр. 767/96 од 06.VI.1997 година е отворена стечајна постапка над должникот ПТТ "ФРА Комерц" од Скопје, бул. "АВНОЈ" бр. 34/III-1.

За стечаен судија е одреден Драган Николовски, судија при овој суд.

За стечаен управник е одреден Цане Вачков од Скопје, ул."Крсте Асенов" бр.12/I-15, телефон 261-102.

Се повикуваат доверителите на стечајниот должник да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" до стечајниот совет со пријава во два примероци со докази. Се задолжуваат должниците да ги намират долговите према стечајниот должник, без одлагање.

Рочиште за испитување на пријавените побарувања се закажува на ден 08.X.1997 година во 11,15 часот, во барака 4 соба број 5 во овој суд.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје. (9146)

ЛИКВИДАЦИИ

Основниот суд Скопје II - Скопје објавува дека со решението III.Л.бр. 79/97 од 02.VI.1997 година отворена е постапка за редовна ликвидација над Приватното трговско услужно претпријатие "Висо" од Скопје, ул. "Димо Хаџи Димов" бр.161-б и жиро сметка 40100-601-282948.

Се повикуваат доверителите на ликвидациониот должник да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" до ликвидациониот совет на овој суд со пријави во два примероци со докази. Се повикуваат должниците да ги намират долговите према ликвидациониот должник, без одлагање.

Се закажува рочиште за испитување на пријавените побарувања на доверителите на ликвидациониот должник на ден 24.IX.1997 година во 11,15 часот, во барака 4, соба број 5 во овој суд.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје. (9053)

Основниот суд Скопје II - Скопје објавува дека со решението I.Л.бр. 100/97 од 27.V.1997 година отворена е постапка за редовна ликвидација над должникот Градежно претпријатие за изведување на ивестициони работи "Евробау" Ц.О. од Скопје,нас. Љубин ул. "103" бр.5 и жиро сметка 40120-601-224420.

За ликвидационен управник се определува Дабески Жарко од Скопје, ул."Скупи 6" бр. 23 и телефон 310-589.

Се повикуваат доверителите на ликвидациониот должник да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" до ликвидациониот совет на овој суд со пријави во два примероци со докази. Се повикуваат должниците да ги намират долговите према ликвидациониот должник, без одлагање.

Се закажува рочиште за испитување на пријавените побарувања на доверителите на ликвидациониот должник на ден 4.VIII.1997 година во 8,40 часот, во барака 4, соба број 4 во овој суд.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје. (9054)

Основниот суд Скопје II - Скопје објавува дека со решението I.Л.бр.136/96 од 23.VI.1997 година заклучена е ликвидационата постапка над ликвидациониот должник Претпријатие за производство, внатрешна и надворешна трговија "Јома-Траде" ДОО експорт-импорт од Скопје, ул."Владимир Комаров" бр.29-1/14 со жиро сметка 40100-601-208930.

По правосилноста на ова решение ликвидациониот должник дасе брише од регистарот на претпријатија при Основниот суд Скопје I - Скопје.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје. (9112)

Основниот суд Скопје II - Скопје објавува дека со решението Л.бр.342/95 од 26.VI.1997 година се заклучува ликвидационата постапка над должникот ПП "Панекс" од Скопје, ул."Жданец" бр. 40.

По правосилноста на решението ликвидациониот должник да се брише од регистарот на претпријатија при овој суд.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје. (9148)

Во огласот за редовна ликвидација III Л. бр. 75/97 објавен во „Службен весник на РМ" бр. 21/97, во првиот став наместо „АЛФИ–МАК" треба да стои: „АЛФИ–МИТ".

МАЛИ ОГЛАСИ

Се огласуваат за неважни следните печати:

Правоаголен печат под назив : "Колонијална продавница " Бони " Николовска Благуна и Катица,ул. "Жегљане" бр. 3 б, Скопје тел. 515-262,". (8976)

Тркалезен печат под назив: "Претпријатие за трговија на големо и мало увоз - извоз " Атомем " цо Скопје посредување, произвотство и услуги". (9043)

Тркалезен печат, под назив: "Ф Г - Инвестмет" трговско друштво за трговија производство, инженеринг и посредување Франко Цирела и други д.о.о. експорт - импорт Скопје". (9044)

Тркалезен печат под назив: "Цикокомерц"-Скопје, Претпријатие за производство и трговија експорт-импорт". (8741)

Се огласуваат за неважни следните документи:

Пасош бр. 840172/96 издаден од УВР - Скопје на име Сабри Лимани бул."Македонско косовска бригада"бр32/16,Скопје. (8891)

Пасош бр. 0332803/94 издаден од УВР - Велес на име Фаик Етоски с.Мелница ,Велес. (8921)

Пасош бр. 0032273/93 издаден од УВР - Скопје на име Љупчо Стојановски, ул. "Ѓорги Димитров" бр. 12/3-12, Скопје. (8992)

Пасош бр. 0978104/96 издаден од УВР - Куманово на име Татијана Перчинковска, ул. "Божидар Мицковиќ" бр.7, Куманово. (9028)

Пасош бр.0697692 издаден од УВР - Струмица на име Ралповски Антон ул."Мануш Тирновски"бр.23, Струмица, (9029)

Пасош бр.409229/94 издаден од УВР - Тетово на име Емини Ремзи, с.Палатица, Тетово. (9031)

Пасош бр. 411569 издаден од УВР - Струмица на име Исмаилов Марем ул. "Братство Единство"бр.44, Струмица. (9033)

Пасош бр. 623631 /95 издаден од УВР - Скопје на име Адем Јуријета ул."Брсјачка буна" бр. 124 ,Скопје. (9042)

Пасош бр. 210369/94 издаден од УВР - Скопје на име Игор Брезовски,ул. "Женевска" бр. 8/18, Скопје. (9048)

Пасош бр. 723042 издаден од УВР - Скопје на име Горан Наумовски, ул. "Питу Гули" бр. 42 ,Скопје. (9051)

Пасош бр. 565312/95 издаден од УВР - Скопје на име Евзи Рамаданов ул."Лука Геров - 18" бр.3, Скопје. (9052)

Пасош бр. 119550 издаден од УВР - Струмица на име Милошев Андреја, с. Дражево бр. 67, Струмица. (9055)

Пасош бр.0824764 на име Рустеми Хусамедин ул. "18 Ноември" бр.386, Гостивар. (9056)

Пасош 080121/93 издаден од УВР-Охрид на име Попоски Стефан,ул. "К.Мисирков" бр.46, Охрид. (9059)

Пасош бр. 0726676/95 издаден од УВР - Скопје на име Игне Лазарески, ул. "Пробиштипска" бр. 6, Скопје. (9060)

Пасош бр.78491/93 издаден од ОВР - Кичево на име Ахмеди Фатмир,с. Туин, Кичево. (9061)

Пасош бр.461323 издаден од ОВР - Гостивар на име Муслији Фаик, с. Дебреше, Гостивар. (9062)

Пасош бр.041200 издаден од УВР - Тетово на име Таири Зеќир, ул."115" бр. 66, Тетово. (9063)

Пасош бр.0650677/95 издаден од ОВР - Ресен на име Стефановски Златан, с. Јанковец, Ресен. (9064)

Пасош бр.0618384/95 издаден од ОВР - Крива Паланка на име Ѓорѓиевски Добре ул."Пере Тошев"бб Крива Паланка. (9065)

Пасош бр.361638 издаден од УВР - Струмица на име Ќосиќ Софка, с. Старо Коњарево бр. 89, Струмица. (9066)

Пасош бр. 933856 издаден од УВР - Куманово на име Валентина Деневска, ул. "Д. Влахов" бр. 34, Куманово. (9068)

Пасош бр. 917859/96 издаден од УВР - Велес на име Лазе Шопов ул. "11 Октомври" бр. 2 /19, Велес. (9069)

Пасош бр.0876868/96 издаден од УВР - Скопје на име Александра Ивановска, ул."Финска" бр.107 а, Скопје. (9077)

Пасош бр. 600418/95 издаден од УВР - Скопје на име Ана Попоска ул. "Скоевска" бр. 3/1-18, Скопје. (9078)

Пасош бр.0337688 на име Арсовски Митре, с. Волковија ,Гостивар. (9090)

Пасош бр.0454295 издаден од МВР - Гевгелија на име Делева Даниела,ул."Партизанска" бр.27, Гевгелија. (9091)

Пасош бр.1233850 издаден од УВР - Штип на име Јашаров Куртиш,ул."Првомајска" бр.25, Штип. (9092)

Пасош бр.722013/95 издаден од УВР - Скопје на име Анета Стојановска,бул. "Јане Сандански" бр.30/2-17, Скопје (9094)

Пасош бр.460921/95 на име Бектеши Максут с. Корито, Гостивар. (9097)

Пасош бр. 0775166 на име Христов Лазо, ул. "Кукушка" бр.1/4, Струмица. (9098)

Пасош бр.0413619/94, издаден од ОВР - Неготино на име Нацев Горан, ул."Даме Груев" бр.5, Демир Капија. (9100)

Пасош бр.0348287 на име Шимова Јорданка ул. "М.Тито" бр. 92, Гевгелија. (9102)

Пасош бр.596929/95 на име Куртиши Џемаљ с. Новаке, Тетово. (9105)

Пасош бр.304039/94 издаден од УВР - Тетово на име Емини Аќиф, с.Палатица, Тетово. (9106)

Пасош бр.25547/93 на име Даути Мухарем с. Камењане, Тетово. (9107)

Пасош бр. 253941 издаден од УВР - Тетово на име Бејтула Берзах, с.Селце Кеч ,Тетово. (9108)

Пасош бр.168205 издаден од УВР - Штип на име Лемиров Џингис, ул."Радински пат" бр.192, Штип.

Пасош бр. 0208345/94 издаден од УВР - Скопје на име Љубиша Стојановиќ,ул. "Скоевска" бр. 3/1-12, Скопје.

Пасош бр. 0220268 издаден од ОВР - Струга на име Чочоровски Ламбе,с. Вевчани, Струга. (9110)

Пасош бр.794955/95, издаден од УВР - Скопје на име Стане Митровски,бул."АСНОМ" бр.54/1/1-14,Скопје.

Пасош бр.0903064, издаден од ОВР - Валандово на име Кнежевиќ Милан, с. Јосифово, Валандово. (9116)

Чекови од бр. 2658051 до 2658070, од тековна сметка бр. 111288-14, издадени од Комерцијална банка АД Скопје на име Силвана Бундалевска, Скопје. (8978)

Чекови од бр. 169251 до 169260. од тековна сметка бр.100072/82, издаден од Земјоделска банка АД Скопје на име Александар Манчевски, Скопје. (9025)

Чекови од бр.2574418 до 2574422 од тековна сметка бр.3124-69 издадени од Охридска банка а.д. - Охрид на име Попоска Марија, Охрид. (9058)

Чекови од бр. 3888781 до 3888785 и 3888795, издадени од Комерцијална банка АД Скопје на име Крсте Златановски, Скопје. (9067)

Чекови од бр. 2642989 до 2642998, од тековна сметка бр. 204297107, издадени од Комерцијална банка АД Скопје на име Маргарита Петковиќ, Скопје. (9070)

Чекови од бр. 3472859 до 3472864 и 3281529, од тековна сметка бр. 119952-65, издадени од Комерцијална банка АД Скопје на име Тони Дабиќ, Скопје. (9093)

Работна книшка на име Малика Скендеровиќ, Скопје. (8890)

Работна книшка на име Муамет Муареми, Скопје. (8923)

Работна книшка на име Лазо Јаневски, с. Башино Село, Велес. (8936)

Работна книшка на име Кристофер Јовковски, Скопје. (8977)

Работна книшка на име Растодер Ханкуша, с. Д. Коњари, Скопје. (9074)

Работна книшка на име Џелал Јакупи, с. Сарај, Скопје. (9075)

Работна книшка на име Шукри Јусуфи, Скопје. (9088)

Воена книшка, издадена од Скопје на име Виктор Станковиќ, Скопје. (9026)

Свидетелство за V одд. издадено од ОУ " Коле Неделковски" - Скопје, на име Ванчо Везенковски, Скопје. (8916)

Свидетелство за VII одд.издадено од О У " Лирија " - Скопје на име Менсур Исмаили, Скопје. (9027)

Свидетелство за завршено IV година издадено од УСО "Ванчо Прќе" - Виница на име Димитров Здравко Жарко, с. Блатец, Виница (9032)

Свидетелства за VI и VII одделение издадени од ОУ "Единство" - Македонски Брод на име Ристески Оливер Стара населба, Македонски Брод. (9035)

Свидетелства за I, II, III, IV и Свидетелство за завршено средно образование издадени од екон. учил. "Арсение Јовков" - Скопје на име Елеонора Манојловска ,Скопје. (9046)

Свидетелство за VIII одд. издадено од ОУ "Борис Кид-рич", С. Сарај - Скопје,на име Џелал Јакупи с. Сарај Скопје. (9076)

Свидетелство издадено од ПОУ "Рајко Жинзифов"- с. Д.Оризари на име Беровиќ Есат с. Г.Оризари ,Велес (9111)

Индекс бр. 4052 продолжување издаден од Архиктектонски факултет - Скопје. (9084)

Диплома издадена од Архитектонски факултет - Скопје на име Дарко Шарац, Скопје. (9049)

Штедна книшка бр84218406, издадена од Поштенска штедилница - Скопје на име Андон Азманов, Скопје. (9024)

Чекови, од бр.13945331 до 13945345 издадени од Стопанска банка а.д. - Скопје на име Стефанка Сеизова Спасовска, Скопје. (9099)

Чекови, бр.4073/25 бр.00539185 и 00539186 издадени од Стопанска банка а.д. - Скопје - Филијала - Кочани на име Рашков Тошо, ул."Едвард Кардељ" бр. 16 Кочани. (9101)

Чекови, бр.9142157 бр.1629774 издадени од Стопанска банка а.д. - Скопје на име Арсов Павле ул. "Пролетерска" бр. 23, Штип. (9103)

Чекови од бр.01076704 до 01076710 и 01248974 на име Стојанова Милица ул."Борис Кидрич"бр.4, Штип.

Одобрение бр.15008ж, издадено од С.О. Идадија - Скопје на име Владимир Стојчевски,Скопје. (9073)

Решение бр. 115546 издадено од Секретарјат за стопанство - Чаир, Скопје на име Незир Ибраими,Скопје.

ОБЈАВИ

Врз основа на член 17 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, ДОО „Вимек – трејд“ – Богданци

ОБЈАВУВА

Дека Комисијата на Владата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал на седницата одржана на 23.05.1997 година, донесе Одлука за трансформација на претпријатието, согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Трансформацијата на претпријатието ќе се изврши со: откуп на претпријатието од страна на вработените.

Со содржината на Одлуката сите заинтересирани домашни и странски правни лица ќе можат да се запознаат преку непосреден увид, во деловните простории на претпријатието, кое се наоѓа на ул. „Маршал Тито“ бб во време од 8 до 12 часот.

Врз основа на членот 5 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 70/94 и 62/95), Министерството за труд и социјална политика

ОБЈАВУВА

Платата по работник која претставува основица за пресметување на даноците и придонесите од плата за месец јуни 1997 година не може да изнесува помалку од утврдената по одделни гранки и тоа:

шифра	гранка	основица
0101	Електростопанство	8.056
0102	Производство на јаглен	4.214
0105	Производство на нафтени деривати	7.906
0106	Производство на железна руда	–
0107	Црна металургија	4.644
0108	Производство на руди на обоени метали	5.831
0109	Производство на обоени метали	8.591
0110	Преработка на обоени метали	–
0111	Производство на неметални минерали (без градежен материјал)	3.334
0112	Преработка на неметални минерали (без градежен материјал)	3.732
0113	Металопреработувачка дејност	4.957
0114	Машиноградба	5.543
0115	Производство на сообраќајни средства	5.883
0117	Производство на електрични машини и апарати	5.505
0118	Производство на базни хем. производи	5.703
0119	Преработка на хемиски производи	8.009
0120	Производство на камен, чакал и песок	6.065
0121	Производство на градежен материјал	7.192
0122	Производство на режана граѓа и плочи	3.910
0123	Производство на финални произв. од дрво	3.288
0124	Производство и преработка на хартија	4.053
0125	Производство на текстил. предива и ткаен.	4.349
0126	Произв. на готови текстилни производи	4.054
0127	Производство на кожа и крзно	3.213
0128	Произв. на кожни обувки и галантерија	2.617
0130	Производство и прехранбени производи	7.157
0131	Производство на пијалоци	9.152
0132	Производство на добиточна храна	6.542
0133	Производство и преработка на тутун	7.088
0134	Графичка дејност	5.318
0135	Собирање и примарна преработка на индустриски отпадоци	4.595
0139	Производство на разновидни производи	7.914
0201	Земјоделско производство	4.596
0202	Земјоделски услуги	7.433

0203	Рибарство	4.122
0300	Шумарство	5.160
0400	Водостопанство	5.287
0501	Високоградба	4.159
0502	Нискоградба и хидроградба	4.512
0503	Инсталатерски и завршни работи во градежништвото	3.910
0601	Железнички сообраќај	6.396
0604	Воздушен сообраќај	10.904
0605	Друмски сообраќај	5.117
0606	Градски сообраќај	6.460
0608	Претоварни услуги	–
0609	ПТТ услуги и врски	8.193
0701	Трговија на мало	5.325
0702	Трговија на големо	9.857
0703	Надворешна трговија	6.986
0801	Угостителство	5.054
0802	Туристичко посредување	4.513
0901	Занаетчиски услуги и поправки	5.292
0902	Лични услуги и услуги на домаќинство	4.818
1001	Уредување на населби и простори	5.759
1002	Станбена дејност	8.990
1003	Комунална дејност	6.293
1101	Банкарство	8.223
1102	Осигурување на имоти и лица	11.034
1103	Услуги во областа на прометот	7.377
1104	Проектир. и сродни техн. услуги	5.550
1105	Геолошки истражувања	–
1106	Истражувачко развојна работа (освен научно истражувачка)	3.952
1109	Деловни услуги	8.550
1201	Образование	5.907
1202	Научно истражувачка дејност	6.696
1203	Култура, уметност и информации	6.185
1204	Физичка култура и спорт	5.433
1301	Здравствена заштита	6.443
1302	Општествена заштита на децата и младината и социјална заштита	4.921
1401	Органи на државна власт, единици на локалната самоуправа и други облици	6.412
1402	Самоуправни интересни заедници	6.483
1403	Здруженија	9.169
1404	Политички партии, општествени организации, здруженија и други организации	9.016

Министер,
Насер Зибери с.р.

Врз основа на член 12 од Законот за персоналниот данок од доход („Сл. весник на РМ" бр. 80/93, 3/94, 70/94 и 71/96), Министерството за труд и социјална политика

ОБЈАВУВА

Просечната месечна нето плата по работник во Републиката за месец јуни 1997 година, која се применува за аконтативно пресметување на персоналниот данок од доход, изнесува 9.200,00 ден.

Министер,
Насер Зибери, с.р.

СОДРЖИНА

Страна

646. Одлука за определување на највисоки цени на одделни производи и услуги . . . 1337
647. Одлука за определување на највисоки цени на одделни комунални услуги 1337
648. Одлука за определување највисоки цени на ПТТ услугите. 1337
649. Одлука за определување највисоки цени за превоз на патници и стока во внатрешниот железнички сообраќај 1337
650. Одлука за определување највисоки цени на услугите за задолжително осигурување на моторни возила 1338
651. Одлука за образување на Комисија за Сметководствени стандарди. 1338
652. Одлука за замена на правото на сопственост на земјоделско земјиште. 1338
653. Одлука за определување на услови за градба на објектот „Фарма за тов на јунци", во Черкеско Село – општина Куманово 1339
654. Одлука за изменување на Одлуката за намалување на цената на становите во општествена сопственост 1339
655. Решение за изменување и дополнување на Решението за определување на производните региони и реони и за типовите на суров тутун во лист кои се одгледуваат на овие региони односно реони. 1339
656. Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 251/96 од 18 јуни 1997 година 1339
657. Одлука на Уставниот суд на Република Македонија, У. бр. 184/96 од 18 мај 1997 година 1342
658. Решение на Републичката геодетска управа 1343
659. Решение на Републичката геодетска управа 1343
Објава за платата по работник која претставува основица за пресметување на даноци и придонеси од плата за месец јуни 1997 година 1347
Објава за просечната месечна нето плата по работник во Републиката за месец јуни 1997 година, која се применува за аконтативно пресметување на персоналниот данок од доход 1348

Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на Република Македонија – Скопје, бул. „Партизански одреди" бр. 29. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Телефони 228-204, 117-460. Телефакс 112-267. Пошт. фах 51. Жиро сметка 40100-603-12498. Печат: Печатница „Нова Македонија" – Скопје